# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 16 Март 2006 година<br>Службен гласник број 2<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ 100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп 756014065763013 |

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ОТКУП НА ТУТУНОТ И ПРОБЛЕМИТЕ СО ПЛАЌАЊЕТО НА ИСТИОТ**

1. Заклучоците по Барањето за отпочнување со откуп на тутунот и проблемите со плаќањето на истиот, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 134/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.01.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.01.2006 година, расправајќи по Барањето за отпочнување со откуп на тутунот и проблемите со плаќањето на истиот, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Советот на Општина Прилеп ги поддржува тутуно-производителите во нивните барања за разрешување на настанатата ситуација околу откупот на тутунот.
2. Се формира Координативно тело составено од пратениците од нашиот град, претставник од Локалната самоуправа, претставници на тутунопроизводителите , со цел под итно да се оствари средба со Премиерот, Министерот за земјоделие и Министерот за финансии.
3. Заклучоците да се доставaт до Градоначалникот на Општина Прилеп, Владата на Република Македонија, Министерот за земјоделие, Министерот за финансии, пратениците од Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 132/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТОТ ПО БАРАЊЕТО ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА РАБОТНИЦИ СО НАД 25 ГОДИНИ СТАЖ, СО НЕРЕГУЛИРАН СТАТУС - ОГРАНОК ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Барањето од Здружението на работници со над 25

години стаж, со нерегулиран статус - Огранок Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 512/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.03.2006 година, расправајќи по Барањето од Здружението на работници со над 25 години стаж со нерегулиран статус - Огранок Прилеп, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Прилеп го поддржува Барањето од Здружението на работници со над 25 години стаж со нерегулиран статус - Огранок Прилеп, во насока на остварување на нивните барања.

2. Заклучоците да се достават до Градоначалникот на Општина Прилеп, Владата на Република Македонија, Министерот за труд и социјална политика и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 456/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

1. Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 512/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 8 и 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/05), а во врска со Програмата за уредување на градежното земјиште за 2006 година, Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 10.03.2006 год., донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за изградба на инфраструктурни објекти во 2006 година.

**Член 2**

Како приоритет за изградба на инфраструктурни објекти во 2006 година се определува:

- **Изградба на сепаративна канализација на ул."Златибор" и ул."Благоја Василески".**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Извештајот за реализација на

Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 512/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп во 2005 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Оперативниот план за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп во 2005 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈКП “Комуналец” - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 456/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Завршната сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 512/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## *С О Д Р Ж И Н А*

*на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 2 од 16.03.2006 година*

1.Заклучок по Барањето од Здружението на работници со над 25 години стаж, со нерегулиран статус - Огранок Прилеп............................**Стр. 1**

2. Заклучок за објавување на заклучокотот по барањето од Здружението на работници со над 25 години стаж, со нерегулиран статус - огранок Прилеп........................................................................................ **Стр. 2**

3. Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти......................................................................... **Стр. 2**

4. Решението за усвојување на Извештајот за реализација на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2005 година......... **Стр. 3**

5. Завршната сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година........................................................................................................ **Стр. 4**

**Издава:** Општина Прилеп.

**Главен и одговорен уредник:** Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп.

**Дизајн и компјутерска обработка:** Горица Чатлеска.

**Печати:** Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.